**Известување за концентрација со која СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД, Република Србија ќе стекне контрола над Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-58 од 2022 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.03.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на контрола од страна СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД, Република Србија со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин бр.38-7, Нов Белград, Република Србија над Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје со регистрирано седиште на бул. 8-ми Септември бр.4-3/4, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Предложената трансакција се однесува на стекнување на сите акции од страна на СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД, а со тоа и поединечна контрола врз Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје. СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД во моментов веќе врши заедничка контрола врз МАКС БЕТ ДОО Скопје, па оттука предметната трансакција претставува промена од заедничка во ексклузивна контрола врз друштвото МАКС БЕТ ДОО Скопје од страна на СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД.

Учесници во концентрацијата и нивни деовни активности:

**-СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД, Република Србија** е дел од групацијата на друштва МАКС БЕТ кои работат во земјите од регионот - Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија. Друштвата од групацијата МАКС БЕТ се занимаваат со приредување игри на среќа (во спортски обложувалници), приредување игри на среќа на автомати и приредување онлајн игри за обложување. Освен Целното друштво, Групацијата МАКС БЕТ нема други поврзани друштва во Северна Македонија.

**-Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје** е компанија која работи на територијата на Северна Македонија и се занимава со приредување игри на среќа во спортски обложувалници и приредување онлајн игри за обложување и приредување игри на среќа на автомати.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

10.03.2022 година

Скопје